РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЕТО „НАЈМЛАД НАУЧНИК“

**за врвни научни достигнувања за тековната календарска година**

Доделувањето на признанието предвидува избор на кандидат кој ќе го понесе епитетот

**„Најмлад научник за 2011 година“**
како поттик на младата научна и истражувачка мисла во Република Македонија.

Јавниот повик ги опфаќа сите млади луѓе до 30 години што се занимаваат со наука и научни истражувања, кои во досегашната научна работа имаат постигнато одреден научен резултат и кои имаат желба преку нивните научни истражувања да придонесат за позитивен развој на општеството и околината во која живеат и работат.

**Услови за конкурирање:**

- добиена меѓународна награда за научно-истражувачка дејност;
- добиено меѓународно признание за научно-истражувачка дејност;
- добиено домашна награда за научно-истражувачка дејност;
- добиено домашно признание за научно-истражувачка дејност;
- објавени резултати од научно истражување во релевантно меѓународно списание;
- објавени резултати од научно истражување во релевантно домашно списание;
- степенот на применливост на резултатите од научното истражување.

**Потребни документи за пријавување:**

- Биографија;
- Реализирани проекти во 2011 година со кои конкурираат;
- Доказ за државјанство на Република Македонија.

Материјалите да се достават во еден печатен и еден електронски примерок (CD).

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Документите да се достават до Кабинетот на Претседателот на Република Македонија најдоцна до 31.12.2011 година, на адреса:

*Кабинет на Претседателот на Република Македонија*
*(Комисија за „Најмлад научник“)*
*„Вила Водно“*
*Аццо Караманов бб*
*МК-1000 Скопје*